Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Национална установа - Центар за културата
"БЕЛИ МУГРИ" - КОЧАНИ

| Примено: 14.10.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 318/3 | | |

Архивски знак:
Shenja arkivore: ______
Рок на чување:
Afati i ruajtjes: ______
______20____година / viti
Потпис / Nënshkrimi ______

**З А П И С Н И К**
**за извршен инспекциски надзор**

**ИП 1 бр. 57 - 81**
**Датум: ~~27.09.2024~~ година**
04.10.2024

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | РСМ, Национална установа - Центар за култура „Бели Мугри“ од Кочани |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Кеј на револуцијата“ б.б., Кочани |
| Адреса за е-пошта: | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент: | Народна банка на РСМ - Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| Име и презиме: | Телефон: | Е-пошта: |
|---|---|---|
| , директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>**ВОНРЕДЕН**</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 23.09.2024 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10:30 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 03.10.2024 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Центар за култура „Бели Мугри“ од Кочани **(во натамошниот текст: Центар за култура)** | | |
| Главна дејност на објектот– | Дејности на објектите за културни манифестации | | |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| инсталацијата каде што се врши надзорот | (шифра 90.04) |
| Адреса на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | ул. „Кеј на револуцијата" б.б., Кочани |

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Наредбата ИП1 бр. 57 - 81 од 18.09.2024 г., издаден од министерот за култура и туризам.

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

- Маја Митревска, виш инспектор – раководител на Одделение за инспекциски надзор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам.

5) Предмет на вонредниот инспекциски надзор е примена на одредбите од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19 – **во натамошниот текст: ЗК**) во работењето на Националната установа Центар за култура „Бели Мугри" - Кочани (**во натамошниот текст: Центарот**), од аспект на примена на одредбите од Законот за културата во работењето на Центарот во 2023 година.

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор не се употребени листи за проверка со оглед дека станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| директор | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | самостоен реферет, сметководител | |
| 2. | самостоен референт, благајник | |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 За време на вршењето на вонредниот инспекциски надзор, одговорно лице во Центарот е сега којашто согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од ЗК, по пат на Јавен оглас е избрана за директор на Центарот за култура, Кочани, со Решение на министерот за култура бр. 44-6843/2 од 06.07.2023 г., со мандат од 4 години.

10.2. Во однос на обврската од членот 31-б став (1) од ЗК, согласно со којашто директорот на националната установа е должен на секои шест месеци до министерот за култура да доставува извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот е утврдено дека за првото полугодие во 2023 г., директорката на Центарот до МК доставила Полугодишен извештај заведен под бр. 08-293/1 од 21.08.2023 г., примен и заведен во писарницата на МК под бр. 21-7998/1 од 25.08.2023 г., за работа на установата за период од јануари-јуни 2023 година, како и Полугодишен извештај заведен под бр. 01-451/1 од 23.12.2023 г., за работа на установата за период од јули-декември 2023 година во коишто за секој месец поединечно по датуми се наведени одржаните програмски и вонпрограмски активности на Центарот и истиот не содржи дел за финасиското работење на Центарот за периодите за коишто се доставува.

10.3 Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Центарот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 08-250/1 од 28.06.2022 г., за којашто Управниот одбор со Одлука бр. 02-251/2 од истиот датум ја има дадено потребната согласност.

Но, во однос на обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на Националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решението на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека не е запазена постапката утврдена во Законот за култура. Имено, во конкретниов случај Годишната програма за работа на установата за 2023 година заведена по бр. 01-68/1 е донесена на 23.02.2023 година и за истата е дадена е

согласност од страна на УО со Одлука бр. 02-70/3 од истиот датум, односно во период кога Решението УП1 21-160/2022 од 27.02.2023 за прифаќање на проектите од национален интерес во културата за 2023 година на министерот за култура сеуште не било донесено, што е спротивно одредбите од членот 70-а став (7) од ЗК. Вака донесената Годишна програма за работа на установата, со Допис бр. 08-73/1 од 24.02.2023 година (примен и заведен во писарницата на МК под бр. 21-1922/1 од 01.03.2023 година) е доставена до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметностите на МК.

10.4 Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од ЗК, според којашто националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финасиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање, при надзорот утврдено е дека Центарот до МК доставил Годишен извештај за работата на установата заведен под бр. 01-26/1 од 30.01.2024 година, **но само со наративен приказ, односно со наведување на програмските и вонпрограмските активностите по месеци и датуми, без да биде приложена соодветна сметководствена документација за финансиското работење во прилог, во однос на реализираните проекти по дејности за 2023 година, согласно со склучените договори со МК.**

## 11. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, според годишните договори за 2023 г. финансирана е дејноста на Центарот со средства во вкупен износ од **11.158.868** денари од кои **11.100.332** денари се преведени во 2023 година, а **58.536** денари во 2024 година.

Средствата се преведени за следните намени:

| | |
|---|---|
| • **плати и придонеси од плати** | **9.806.836 денари** |
| • **програмски активности** | **679.655 денари** |
| • **материјални трошоци** | **100.000 денари** |
| • **електрична енергија** | **250.000 денари** |
| • **комунални трошоци** | **100.000 денари** |
| • **материјали за греење** | **186.243 денари** |
| • **солидарна помош** | **36.134 денари** |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Според Банковиот извод бр. 50 од 26.12.2023 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Центарот изнесувало **42.516** денари (**570** денари од проекти - програма 60 – визуелни уметности, архитектура и дизајн, **852** денари од проекти или материјални - програма 47 – фолклор, **10.000** денари од надоместци за плати (К15), **26.190** денари од ставката за плати и придонеси и **4.904** денари од проекти – програма 20 – библиотечна дејност, коишто на 31.12.2022 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените програмски средства согласно со годишните договори, во износ од **11.158.868** денари, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р.бр | Програма | Одобрени | Преведени | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 47 – Фолклорна дејност | 963.741 | 963.741 (од кои 36.245 денари се преведени во 2024 г.) | - Од коишто 291.364 денари за проекти, 100.000 денари за материјални трошоци, 250.000 за електрична енергија, 100.000 за комунални услуги (вода и ѓубретарина), 186.243 за материјали за греење и 36.134 за солидарна помош<br>-**37.042** денари се се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г. |
| 2. | 20 – Библиотечна дејност | 71.000 | 71.000 | -**4.904** денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г. |
| 3. | 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн | 177.291 | 177.291 (од кои 22.291 денари се преведени во 2024 г.) | -**570** денари вратени во Буџет на РСМ |
| 4. | 40 – Музичка дејност | 140.000 | 140.000 | / |
| | **Вкупно:** | **1.352.032 денари** | **1.352.032 денари** | - **42.516** денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2024 г. |

<u>**47 – Фолклорна дејност**</u>

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишната програма за работа на Центарот за 2023 г. од областа на фолклорната дејност бр. 21-1776/1 од 27.02.2023 г., Анекс-договорот бр. 21-1776/19 од 18.12.2023 г. и Известувањето на МК бр. 21-3456/1 од 12.03.2024 г., преку МК на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ **963.741** денари, од кои **291.364** денари за проекти и **672.377** денари за материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги и солидарна помош.


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Проектите од фолклорната дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1.* | Работилница и семинар за тамбура | 75.119 | 75.119 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од Амазон, Смарт принт, Офис Експрес, Уни конзум, Еуро петрол, Але дар, Боки доо Спид Плус, Инт трејд Дооел за печатење плакети, печатење на постери, плакати и флаери, печатење на благодарници, набавка на пенкала, набавка на хромо папки, набавка на гориво за превоз, сместување, коктел, исплата на авторски хонорари за изработка на графички дизајн на плакат, за модератор на проектот, за изработка на фото и видео запис, за предавач и за изработка на народен инструмент и вода за пиење<br>-Изводи: платено по повеќе Банкови изводи од 2023 г., |
| 2.* | Работење и активности на оркестарот на изворни народни песни и ора | 88.986 | 88.986 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од од Тасим Компани, Смарт принт, Спид Плус, Т-Е Мебел, Але дар, Боки Доо, Алфасаунд, за превоз, печатење на материјали, коктел, набавка на мебел исплата на авторски хонорари за организациски трошоци – фото и видео запис, моделатор, озвучување и модератор, изработка на елеци и чорапи, поправка на тамбура и набавка на вода и сок<br>Изводи: платено по повеќе Банкови изводи од 2023 г., и по Банков извод бр. 2 од 2024 г.<br>**-14 денари се вратени во Буџетот на РСМ во 2023 г.,**<br>**-18.986 денари се преведени во 2024 г.,** |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Работа и активности на фолклорниот ансамбл „Мугри“ | 127.259 | 127.259 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по две ф-ри од Тасим, Смарт принт, еуро петрол, ЦК Битола , Спид Плус, Инт трејд, Але дар, Боки доо, Филаделфија, Велмар, аалфа саунд, ГСП Дооел за превоз, печатење на благодарници и плакати, ламиниран постер, гориво, котизација за семинар, сместување, коктел, исплата на авторски хонорари за изработка на графички дизајн и за модератор на проектот, изработка на фото и видео запис, средства за хигиена, набавка на музички систем, озвучување, опрема и вода за пиење<br>-Изводи: платено по повеќе Банкови изводи од 2023 г., и по Банков извод бр. 2 од 2024 г.<br>**-17.259 денари се преведени во 2024 г.** |
| | **Вкупно:** | **291.364 денари** | **291.364 денари** | **-14 денари се вратени во Буџетот на РСМ во 2023 г.,<br>-18.986 денари се преведени во 2024 г.,<br>-17.259 денари се преведени во 2024 г.** |

***При инспекцискиот надзор е утврдено дека, за проектот „Работилница и семинар за тамбура“ од вкупно преведените средства во износ од 75.119 денари, ненаменски се потрошени 7.702 денари и тоа за печатење на благодарници, набавка на пенкала, набавка на хромо папки и плакети, односно направени се трошоци по фактури коишто не се предвидени со Оперативниот и финасиски план за реализација на проектот, додека за проектот „Работење и активности на оркестарот на изворни народни песни и ора“, утврдено е дека од од вкупно преведените средства за реализација на проектот во износ од 88.986 денари, ненаменски се потрошени 15.000 денари и тоа за набавка на мебел-шкаф за инструменти, односно направени се трошоци по фактури коишто не се предвидени со оперативниот и финасиски план за реализација на проектот, без согласност на МК, што е спротивно на член 70-а став (4) од Законот за културата.**

**- Материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги и солидарна помош**

Реализацијата на средствата според намени е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. Бр. | Намена | Одобрени преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални трошоци за реализација на Програмата, | 100.000 | 99.162 | - Средствата се реализирани за трошоци за исплата на авторски хонорари за надворешни лица преку Спид Плус, ПТТ услуги, консултантски услуги, адвокатски услуги, набавка на материјали за ликовно студио, канцелариски материјал - тонери, печатење на билети, набавка на гориво, мобилна и фиксна телефонија и интернет, за објавување на огласи во службен весник, сервисирење на компјутери, одржување на веб страната на Центарот, систематски прегледи и др.<br>-Платено по повеќе банковни изводи во 2023 година<br>**-838 денари се вратени во Буџет на РСМ од средствата за материјални трошоци - програма 464** |
| 2. | Електрична енергија | 250.000 | 250.020 | - Платено по 11 фактури за електрична енергија на ЕВН Хоме, Скопје<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 3. | Комунални услуги (вода и ѓубретарина) | 100.000 | 99.980 | -Платено по 11 фактури за вода и ѓубретарина кон КЈП, Кочани<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| 4. | Материјали за греење | 186.243 | 186.243 | Набавка на дрва за греење за потребите на Центарот, платено по ф-ра од Целе Шпед Дооел, Велес<br>-Извод: бр. 50 од 2023 г., |
| 5. | Солидарна помош | 36.134 | 36.134 | Исплата на солидарна помош за<br><br>-Извод: бр. 23 од 2023 г., |
| | **Вкупно:** | **672.377 денари** | **671.539 денари** | **- 838 денари се вратени во Буџет на РСМ од средствата за материјални трошоци - програма 464** |



Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

## 20–Библиотечна дејност

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишна програма за работа на Центарот за 2023 година бр. 30-1800/1 од 27.02.2023 г., и Анекс-договорот бр. 30-1800/15 од 28.12.2023 г., од областа на библиотечната дејност, од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ од 71.000 денари.

Проектите од библиотечна дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Зголемување на библиотечниот фонд на интерната библиотека | 50.000 | 49.996 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по ф-ра од Литера М5 ТП, Ламина, Издавачки центар ТРИ Дооел, Сакам Книга и Македоника литера Дооел за набавка на книги за збогатување на библиотечниот фонд на библиотеката при Центарот<br>-Извод: 34, 35 и 50 од 2023 г., |
| 2. | Одбележување на патрониот празник на ЦК „Бели Мугри“, Кочани -25 Ноември | 15.000 | 15.600 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по ф-ри од Спид и Смарт Принт, за исплата на авторски хонорари за изработка на фото и видео запис, за изработка на графички дизајн на плакат и каталог, за лектура и за печатење на алманах<br>–Изводи: 48 и 50 од 2023 г., |
| 3.* | Промоција на дело и автор-добитник на „Рациновото признание за 2022 година“, | 3.500 | 500 | **По грешка направен е трошок од 500 денари платени по ф-ра од авторската агенција „Спид плус“ за печатарски услуги<br>3.000 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |
| 4.** | Промоција на книга и автор на наградата „Ванчо Николевски“ за најдобра книга за деца што ја доделува ДПМ за 2022 година | 2.500 | - | **Проектот не реализиран<br>2.500 денари се вратени во буџетот на РСМ** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | (одбележување на 1-ви Април, Меѓународен ден на детската литература) | | | |
| Вкупно: | | 71.000 денари | 66.096 денари | 4.904 денари се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г. |

*За Проектот - Промоција на дело и автор-добитник на „Рациновото признание за 2022 година", при инспекцискиот надзор, инспекторот не се увери дека е реализиран, односно дека како што изјавија присутните лица на 16.10.2023 година, во фоајето на Центарот се одржала промоцијата на романот „Ако се родат некакви чувства" од авторот но дека средствата преведени за овој проект не се потрошени од причина што како што е наведено во образецот за наративен и финасиски извештај за реализација на проектот *„стручниот соработник за литературна дејност податоците за изготвување на договор ги достави два месеци по реализацијата на проектот. Изработка и исплата на ваков договор не е дозволено по реализацијата на настанот. Овие информации се добиени и од ресорното министерство во одделот за литературна дејност. Согласно горенаведеното, трошоци за овој проект не се уредно направени"*. При надзорот, од увидот во сметководствената документација утврдено е дека за овој проект, по грешка, направен е трошок од 500 денари, односно платена е фактура за печатење на плакати во боја на авторската агенција „Спид плус" според банков извод бр. 37 од 27.10.2023 година. Според изјавата на одговорниот сметководител ќе биде побарано овој износ да биде вратен од страна на агенцијата „Спид плус", за да извршат исплата на доверителот за печатарските услуги.

** Проектот - Промоција на книга и автор на наградата „Ванчо Николевски" за најдобра книга за деца што ја доделува ДПМ за 2022 година (одбележување на 1-ви Април, Меѓународен ден на детската литература) не е реализиран, а средствата се вратени во Буџетот на РСМ.

<u>60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн</u>

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишната програма за работа на Центарот за 2023 г. од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот бр. 23-2050/1 од 02.03.2023 г., и Известувањето бр. 23-50/2 од 05.02.2024 година, преку МК на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ 177.291 денар, од кои 155.000 се преведени во 2023 година, а 22.291 денари во 2024 година.

Проектите од визуелните уметности, архитектурата и дизајнот се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени и преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Самостојна изложба „Византија видена денес“, | 87.291 | 87.291 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од Спид плус, Еуро Петрол, Смарт Принт, Ројал арт, Пролет Бар и НУБ „Свети Климент Охридски“ Скопје<br>-Платено по повеќе изводи од буџетската сметка 603 од 2023 г., и по извод 92 од 787 од 13.12.2023 г., како и Банков извод бр. 4 од 27.02.2024 г.,<br>- 17.291 денари од страна на МК се преведени во 2024 година и се исплатени за авторски хонорар за фото и видео запис и за лице ангажирано за проектот преку авторската агенција Спид во 2024 година |
| 2. | Квилинг техника-работилница | 20.000 | 19.817 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од Боки доо, Аминта, Смарт принт, Еуро Петрол, Смарт принт, Уни Конзум, Офис експрес и Спид плус за исплата за храна и пијалоци, печатење на постери и благодарници, гориво, материјал за реализација на проектот иавторски хонорари за фото и видео записи и за изработка на графички дизајн на плакат<br>-Изводи: Платено по повеќе изводи од 2023 година<br>**-183 се платени од сопствената с-ка на Центарот** |
| 3.* | Превземање на изложби за 2023 година | 35.000 | 34.192 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од Пролет бар, Але дар, Еуро петрол, Петров Хит, Смарт принт, Спид Плус и Уни конзум, за угостителски услуги, гориво и превоз, фото и видео запис, печатење и набавка на материјали за работа<br>-Изводи:Платено по повеќе банкови изводи од 2023 г., од 603 и 787 |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **-5.000 денари од страна на МК се преведени во 2024 г.,**<br>**- 808 денари, се на жиро-сметката на установата во 2024** |
| 4. | Самостојна изложба „Репродукции од Пикасо“ Бранка Спасовска | 35.000 | 34.430 | **Проектот е реализиран**<br>Трошоци по ф-ри од Боки ДОО, НУБ-Св. Климент Охридски, Скопје, Еуро петрол, Никси Фешн, Пробиштип, Спид Плус и Пролет бар, за набавка на вода за пиење, ЦИП запис, гориво, печатење на каталог, угостителски услуги, дизајн на каталог и фото и видео запис, хонорар за авторката на изложбата<br>-Изводи:Платено по повеќе банкови изводи од 2023 г.,<br>**-570 се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г.** |
| | **Вкупно:** | **177.291 денари** | **177.291 денари** | **-22.291 се преведени во 2024 г.,**<br>**-570 се вратени во Буџетот на РСМ на 31.12.2023 г.година**<br>**-808 денари се на жиро-сметката на установата во 2024 година**<br>**-183 се платени од 787** |

## 40 – Музичка дејност

Согласно со Договорот за учество во финансирање годишната програма за работа на Центарот за 2023 г. од областа на музичката дејност бр. 21-1863/1 од 27.02.2023 г., преку МК на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ **140.000** денари.

Проектите од музичката дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Музички бисери во класичната музика | 70.000 | 70.000 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од Спид Плус, Пролет Бар Дооел, ЗАМП и Фото Фуџи, за исплата на авторски хонорари, угостителски услуги, за |


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | фото и видео запис и за надоместок на авторски права<br>-Изводи: бр. 21 и 29 од 2023 година |
| 2. | FIN Project -Music | 70.000 | 70.000 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по ф-ри од Спид Плус, Кочани и Смарт Принт, Кочани за исплата на авторски хонорар и за печатење на постер и плакат<br>-Изводи: 16, 20 и 29 од 2023 година |
| | **Вкупно:** | **140.000 денари** | **140.000 денари** | |

11.1. **Судски постапки во тек**

Во Центарот во тек се три (3) судски постапки и тоа:

- По предлог за издавање на нотарски платен налог од страна на доверителот ДПТУ РИКИ ЈУНИОР ДООЕЛ, поднесен преку адвокат-полномошник до нотар надлежен за подрачје на Основен суд Кочани, донесено е решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр. 691/22 од 16.11.2022 година, према должникот НУ – Центар за култура "Бели мугри"- Кочани на име парично побарување во износ од 58.941 денари.

Од страна на Центарот преку адвокат-полномошник од Кочани, на 29.11.2022 година, поднесен е приговор против решението на нотарот, по што постапката се продолжува пред Основниот суд во Кочани и е заведен предмет под број ПЛ1-ТС-95/22. На ден 10.04.2023 г., од Основен суд Кочани, донесена е Пресуда ПЛ1-ТС-95/22 со којашто приговорот на тужениот НУ-ЦК "Бели мугри" - Кочани, е делумно усвоен, а се укинува во делот на износот на главен долг од 58.941 како и износот од 79.200 денари побаран врз основа на Закон за финансиска дисциплина. Трошоците на постапката определени кај нотарот во износ од 7.145 денари е задолжен да ги надомести тужениот на тужителот како и да ги надомести дополнителните парнични трошоци во износ од 5.280 денари. Додека, одбиено е барањето на тужителот да се надомести од страна на тужениот уште износ од 11.326 денари на име трошоци во постапката.

Против пресудата од страна на тужителот ДПТУ РИКИ ЈУНИОР ДООЕЛ Кочани преку полномошник адвокат од Кочани е вложена жалба од 19.04.2023 година а Центарот преку адвокат – полномошник на

04.05.2023 година има дадено одговор на жалба преку овластен полномошник Адвокат од 04.05.2023 година.
Постаката е во тек, во фаза на жалбена постапка пред апелациониот суд Штип.

-Од страна на тужителот од Кочани, вработена во Центарот како стручен соработник за литературна дејност, преку адвокат-полномошник од Кочани на 27.01.2023 г., поднесена е Тужба против тужениот НУ-ЦК "Бели мугри", Кочани, по основ долг за неисплатени надоместоци за присуство и работа како член на Управен одбор на Центарот, вредност 18. 000 денари, со камата до денот на исплата.

Во меѓувреме Центарот го исплатил основниот долг во износ од 18.000 денари, по што од страна на тужителката преку адвокатот е поднесен поднесок на 19.04.2024 година за прецизирање на тужбено барање, со којшто тужбеното барање во делот на главен долг во вкупен износ од 18.000 денари се повлекува, а останува кон тужбеното барање за исплата на законска казнена камата за главниот долг до денот на исплатата.

Предметот од страна на Основен Суд е заведен под РО бр. 16/23 и сеуште не е започната судска постапка односно се чека покана за главна расправа.

-Од страна на тужителот од Кочани, вработена во Центарот како стручен соработник за литературна дејност преку адвокат-полномошник од Кочани е поднесена тужба од 25.05.2023 година против тужениот НУ-ЦК "Бели мугри", Кочани, основ поништување на одлука за дисциплинска неуредност, вредност 40 000 денари.

Од Тужениот НУ-ЦК "Бели мугри"- Кочани преку адвокат-полномошник од Кочани е даден одговор на тужба од 08.06.2023 година, а постапката е заведена пред Основен Суд Кочани, под РО Бр. 173/123. На ден 27.11.2023 година, донесена е пресуда РО 173/23 со која тужбеното барање на тужителот се усвојува а одлуките на НУЦК "Бели мугри"- Кочани се поништуваат како незаконити со што се задолжува тужениот да и ги надомести на тужителката трошоците на постапката во износ од 64.681 денари.
Против пресудата вложена е жалба на 20.12.2023 до Аплационен суд Штип, а од страна на тужителката преку адвокат-полномошник од Штип, на 28.12.2023 г., даден е одговор на жалба.
Постаката е во тек во фаза на жалбена постапка пред апелационен суд Штип.

- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:

1. Директорката на Центарот до МК доставила Полугодишен извештај заведен под бр. 08-293/1 од 21.08.2023 г., примен и заведен во писарницата на МК под бр. 21-7998/1 од 25.08.2023 г., за работа на установата за период од јануари-јуни 2023 година, како и Полугодишен извештај заведен под бр. 01-451/1 од 23.12.2023 г., за работа на установата за период од јули-декември 2023 година во коишто за секој месец поединечно по датуми се наведени одржаните програмски и вонпрограмски активности на Центарот (наративен дел), но истиот не содржи дел за финасиското работење на Центарот за периодите за коишто се доставува, што е спротивно на член 31-б став (1) од ЗК, а е казниво по член 91-а став (1) алинеа 3 и став (2) од истиот Закон.

2. Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Центарот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2023 година под бр. 08-250/1 од 28.06.2022 г., за којашто Управниот одбор со Одлука бр. 02-251/2 од истиот датум ја има дадено потребната согласност.

3. Не е запазена постапката утврдена во Законот за култура за донесување на годишната програма за работа на установата. Имено, во конкретниов случај Годишната програма за работа на установата за 2023 година заведена по бр. 01-68/1 е донесена на 23.02.2023 година и за истата е дадена е согласност од страна на УО со Одлука бр. 02-70/3 од истиот датум, односно во период кога Решението УП1 21-160/2022 од 27.02.2023 за прифаќање на проектите од национален интерес во културата за 2023 година на министерот за култура сеуште не било донесено, што е спротивно одредбите од членот 70 став (7) од ЗК а е казниво по член 91-а став (1) алинеа 6 и став (2) од истиот Закон.

4. Центарот до МК нема доставено целосен извештај за реализација на програмата на установата со спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финасиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање, туку доставен е Годишен извештај заведен заведен под бр. 01-26/1 од 30.01.2024 година, но само со наративен приказ, односно со наведување на програмските и вонпрограмските активностите по месеци и датуми, без да биде приложена соодветна сметководствена документација за финансиското работење во прилог, во однос на реализираните проекти по дејности за 2023 година, согласно со склучените договори со МК, што е спротивно на членот 70-б став (2) од Законот


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

за културата, а е казниво по член 91-а став (1) алинеа 8 и став (2) од истиот Закон.

5. Директорката на Центарот, Кочани, ја нема во целост реализирано програмата од национален интерес во културата за 2023 година, финасирана од Буџетот на РСМ, преку МК, односно од областа на библиотечната дејност за Проектот - Промоција на дело и автор-добитник на „Рациновото признание за 2022 година", при инспекцискиот надзор, инспекторот не се увери дека е реализиран, а средствата преведени за овој проект не се потрошени од причина што како што е наведено во образецот за наративен и финасиски извештај за реализација на проектот *„стручниот соработник за литературна дејност податоците за изготвување на договор ги достави два месеци по реализацијата на проектот. Изработка и исплата на ваков договор не е дозволено по реализацијата на настанот. Овие информации се добиени и од ресорното министерство во одделот за литературна дејност. Согласно горенаведеното, трошоци за овој проект не се уредно направени".*

Исто така, не е реализиран ниту проектот - Промоција на книга и автор на наградата „Ванчо Николевски" за најдобра книга за деца што ја доделува ДПМ за 2022 година (одбележување на 1-ви Април, Меѓународен ден на детската литература), а преведените средства за проектите се вратени во Буџетот на РСМ.

6. За проектот „Работилница и семинар за тамбура" од вкупно преведените средства во износ од 75.119 денари, ненаменски се потрошени 7.702 денари и тоа за печатење на благодарници, набавка на пенкала, набавка на хромо папки и плакети, односно направени се трошоци по фактури коишто не се предвидени со оперативниот и финасиски план за реализација на проектот, додека за проектот „Работење и активности на оркестарот на изворни народни песни и ора", утврдено е дека од од вкупно преведените средства за реализација на проектот во износ од 88.986 денари, ненаменски се потрошени 15.000 денари и тоа за набавка на мебел-шкаф за инструменти, односно направени се трошоци по фактура коишто не се предвидени со оперативниот и финасиски план за реализација на проектот, без согласност на МК, што е спротивно на член 70-а став (4) од Законот за културата а е казниво по член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон.


Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) точка 6 од ЗИН, инспекторот ќе преземе мерка, односно ќе донесе решение со наредба со коешто ќе биде определен рок за отстранување на горенаведените неправилности од точката 1 и 4 од констатациите во Записникот, додека во однос на точка 6 за сторен прекршок по член 70-а став (4) од Законот за културата, а што е казнив по член 91-а став (1) алинеа 7 и став (2) од истиот Закон, односно за ненаменско трошење на средства од Буџетот на РСМ преку МК за 2023 година, во согласност со член 91-в ставови (1), (2) и (3) од Законот за културата, а во врска со Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ" бр. 96/19), ќе биде изречен прекршочен платен налог на сторителот–одговорно лице во правното лице НУ-Центар за култура „Бели Мугри" од Кочани, за плаќање на глоба за сторен прекршок, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка.**

**Прекршочниот платен налог е составен дел од овој Записник.**

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МКТ во согласност со член 82 став (3) од ЗИН

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | 14.10.2024 г. | Датум: | 04.10.2024 г. |



Министерство за култура и туризам
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Tirizmit
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk